**20120461292**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 67 став 1 точка 3 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/10) министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ШТЕМБИЛОТ ЗА ВЛЕЗ И ИЗЛЕЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА НЕГОВОТО ВТИСНУВАЊЕ И УПОТРЕБА*

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на штембилот за влез и излез во Република Македонија и начинот и постапката на неговото втиснување и употреба.

## II. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ШТЕМБИЛОТ ЗА ВЛЕЗ И ИЗЛЕЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 1. Штембил за влез во Република Македонија

Член 2

Штембилот за влез во Република Македонија (во натамошниот текст: штембилот за влез) има форма на правоаголник со димензии 43x30 mm.

Во горниот лев агол на правоаголникот од штембилот за влез е втиснат круг со дијаметар од 6.3 mm во кој се наоѓа националната ознака МК. Во горниот десен агол е втиснат правоаголник со димензии 17 x 6.2 mm во кој се наоѓа цртеж на авион, автомобил, брод или локомотива, во зависност од видот на граничниот премин. На средината на правоаголникот, во централниот дел од плочката на штембилот има нумератор со променливи бројки со кој се означува денот, месецот и годината и нумератор со променливи броеви од 00 до 99, со кој се означува безбедносниот код на штембилот. Во долниот лев агол втиснат е правоаголник во кој има стрелка кон десно. Во долниот дел на правоаголникот, на средина е втиснат називот на граничниот премин, на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а под тоа е втиснат бројот на штембилот кој е составен од една голема буква испишана на македонски јазик и неговото кирилско писмо и три бројки.

Дршката, водилката, осовината и телото со рамката на нумераторот на штембилот се изработени од метал, а плочката со натпис е изработена од месинг.

---

* Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата (ЕЗ) бр.562/2006 на Европскиот парламент и на Советот од 15 март 2006 година, за основање на Кодекс на Заедницата за правила со кои се регулира движењето на луѓето преку границите (Шенгенски граничен кодекс), CELEX број 32006R0562 и Регулативата (ЕЗ) бр.296/2008 од 11.03.2008 година, за дополнување на Регулативата бр.562/2006 за основање на Кодекс на Заедницата за правилата со кои се регулира движењето на луѓето преку границите (Шенгески граничен кодекс), CELEX број 32008R0296.

### 2.Штембил за излез од Република Македонија

Член 3

Штембилот за излез од Република Македонија (во натамошниот текст: штембил за излез) е со иста форма и содржина, како и штембилот за влез од член 2 од овој правилник, со заоблени агли и со стрелка кон лево.

## III. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ВТИСНУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ШТЕМБИЛОТ ЗА ВЛЕЗ И ИЗЛЕЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 4

Полицискиот службеник при извршување на граничните проверки втиснува штембил за влез, односно штембил за излез особено при влез или излез на државјаните на трети земји, и тоа во:

- патниот документот кој содржи важечка виза кој му овозможува на државјанинот на трета земја да ја премине државната граница;
- патниот документ кој содржи виза издадена на граничен премин со кој му се овозможува на државјанинот на трета земја да ја премине државната граница;
- патниот документот кој му овозможува на државјанинот на трета земја да ја премине границата, без да му биде издадена виза.

Полицискиот службеник при извршување на граничните проверки втиснува штембил за влез, односно штембил за излез во патниот документ на државјанин на трета земја и во случај на попуштање во режимот на граничните проверки.

По исклучок од ставовите 1 и 2 на овој член, во случајот утврден во член 18 став 3 од Законот за гранична контрола, штембилот за влез и штембилот за излез се втиснуваат на посебен лист.

Листот од ставот 3 на овој член содржи податоци за името и презимето на носителот на патниот документ и бројот на патниот документ и се изработува во два примерока, од кои еден му се дава на државјанинот на трета земја, а другиот останува во полициската станица, односно полициското одделение за гранични проверки.

Член 5

Полицискиот службеник, секогаш кога тоа е можно, при извршувањето на граничните проверки, го известува државјанинот на трета земја за обврската да втисне штембил за влез, односно штембил за излез во неговиот патен документ.

Полицискиот службеник го известува државјанинот на трета земја за обврската од ставот 1 на овој член и во случај на попуштање во режимот на граничните проверки.

Член 6

Во патниот документ на државјанин на трета земја кој за да оствари влез на територијата на Република Македонија треба да поседува виза, штембилот за влез, односно штембилот за излез, кога е тоа можно се втиснува на ивицата на визата, за да не се оштети валидноста на ознаките на визата или безбедносните ознаки на визата – налепницата.

Во случај кога треба да се втиснат повеќе штембили, (на пример: кога државјанинот на трета земја поседува виза со која може да оствари повеќекратен влез односно излез од Република Македонија), штембилот за влез, односно штембилот за излез се втиснуваат на страницата од патниот документ која се наоѓа спроти страницата на која е прилепена визата. Ако таа страница не може да се употреби, штембилот за влез, односно штембилот за излез се втиснуваат на следната слободна страница од патниот документ.

Штембилот за влез, односно штембилот за излез не се втиснува на првата страница односно на машински читливиот дел од патниот документ, како и врз претходно втиснати штембили.

Член 7

Штембилот за влез, односно штембилот за излез се втиснува во патниот документ така што правоаголникот на штембилот да биде во хоризонтална положба.

Штембилите од ставот 1 на овој член се втиснуваат по хронолошки редослед.

Во патниот документ штембилот за излез се втиснува во близина на штембилот за влез.

Член 8

Штембилот за влез и штембилот за излез се втиснуваат со црно мастило.

Член 9

Штембилот за влез, односно штембилот за излез се втиснува во патниот документ на државјаните на трета земја чиј член на семејство е жител на Европската унија но немаат дозвола за престој согласно прописите за странци.

Член 10

Штембилот за влез, односно штембилот за излез се втиснува во патниот документ на државјаните на трети земји кои го уживаат правото на Заедницата за слободно движење но немаат дозвола за престој согласно прописите за странци.

Член 11

Во случај кога на граничниот премин се одбива влез на странец, полицискиот службеник втиснува штембил за влез во патниот документ на странецот, при што истиот се прецртува во вид на крст со неизбришлива црно мастило, а на десната страна се внесува една од следните буква или буква испишани на основното латинско писмо:

- /A/ нема валиден патен документ,
- /B/ има лажен, фалсификуван или преправен патен документ,
- /C/ нема валидна виза или дозвола за престој,
- /D/ има лажна, фалсификувана или преправена виза или дозвола за престој,
- /E/ нема документи што ја оправдуваат целта и околностите на предвидениот престој во Република Македонија,
- /F/ веќе престојувал три месеци во текот на шест месечен период на територијата на Република Македонија,
- /G/ нема доволно средства за издржување како за периодот на престојот, така и за враќање во државата од која доаѓа или за патување во трета држава во која е сигурно дека ќе биде прифатен, или не е во можност законски да се стекне со тие средства,
- /H/ лица кои се предмет на предупредување со цел забрана за влез во националниот информатички систем,
- /I/ претставува опасност за јавниот ред, националната безбедност, јавното здравје или за меѓународните односи на Република Македонија со други држави.

Член 12

Во случај кога штембилот за влез, односно штембилот за излез, кој веќе бил втиснат треба да се поништи, истиот се прецртува со две паралелни линии врз горниот лев агол од штембилот.

Член 13

Штембилите за влез и штембилите за излез кои се дадени на употреба на полициските станици, односно полициските одделенија за гранични проверки, се примопредаваат помеѓу раководителите на смена во полициската станица, односно полициското одделение за гранични проверки, при секоја промена на смена.

Примопредавањето од ставот 1 на овој член се евидентира во записник кој содржи податоци за бројот на предадени и примени штембили и состојбата во која се наоѓаат штембилите.

Записникот од ставот 2 на овој член го потпишуваат раководителот на смена што ги предава и раководителот на смена што ги прима штембилите за влез и штембилите за излез.

Член 14

Раководителот на смена во полициската станица, односно полициското одделение за гранични проверки ги задолжува полициските службеници за гранични проверки со штембил за влез или со штембил за излез, во зависност од дневниот распоред за работа на полициските службеници за гранични проверки во определената смена.

Полициските службеници од ставот 1 на овој член, при примање и предавање на штембилот за влез или штембилот за излез, врши негово евидентирање на посебен лист, со втиснување отисок од штембилот.

Листот од ставот 2 на овој член содржи податоци за името и презимето на полицискиот службеник, време на примање, односно предавање на штембилот, како и потпис на полицискиот службеник кој го прима, односно предава штембилот.

Потписот од ставот 3 на овој член се става покрај втиснатиот оттисок од штембилот, при негово примање, односно предавање.

Примањето, односно предавањето на штембилите од овој член го потврдува раководителот на смена, со ставање на потпис до потписот на полицискиот службеник.

Член 15

Полициските службеници од полициската станица, односно полициското одделение за гранични проверки по примањето на штембилот за влез, односно штембилот за излез, го подесуваат безбедносниот код на штембилот, согласно прописите за гранична контрола.

Полициските службеници од ставот 1 на овој член можат да го употребуваат штембилот само со однапред определениот безбедносен код.

Безбедносниот код на штембилот се менува во редовни месечни периоди кои не можат да бидат подолги од еден месец.

Член 16

Во текот на смената во полициската станица, односно полициското одделение за гранични проверки, раководителот на смена може во секое време, по сопствена иницијатива, или по наредба на командирот да врши промена на штембилите и презадолжување на полициските службеници со друг штембил, согласно одредбите на овој правилник.

Член 17

Увид во листот од членот 14 став 2 од овој правилник можат да вршат командирот, помошникот на командир, раководителот на смена и полициските службеници овластени да вршат контрола и надзор над работата на полициската станица, односно полициското одделение за гранични проверки.

Член 18

Во случај кога штембилите за влез и штембилите за излез не се употребуваат, истите се чуваат во заклучена метална каса, за чија безбедност е одоговорен раководителот на смена.

Пристап до штембилите од ставот 1 на овој член може да имаат командирот, помошникот командир или раководителот на смена.

Член 19

Во случај штембилот за влез, односно штембилот за излез да бидат украдени, изгубени или исчезнати, раководителот на смена, или во негово отсуство дежурниот во полициската станица, односно во полициското одделение за гранични проверки веднаш писмено го известува Секторот за гранични работи и миграции во Бирото за јавна безбедност во Министерството за внатрешни работи.

## IV. ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на штембилот за влез и излез во Република Македонија и начинот и постапката на неговото втиснување и употреба („Службен весник на Република Македонија“ бр.90/10).

Член 21

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 12.1-16546/1
14 март 2012 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.